**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-90/6**
**Скопје, 30.03.2023 година**

Записник од седумдесет и седма седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 30.03.2023 година.

Присутни:
г-дин Антонио Јолевски -Претседател на Советот
г-дин Влатко Георгиевски член
г-ѓа Јасна Жежова член
г-Иџет Мемети член
г-ѓа Фиданка Рајевска член
г.Коле Штерјев член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-дин Антонио Јолевски констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на седумдесет и шестата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

1. Усвојување на записникот од 76 (седумдесет и шеста) седница на Советот.
2. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за разгледување на дисциплинскиот предмет СОЖ бр.2/23.
3. Разно

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ја отвори 77-та седница на Советот и воедно предложи дневниот ред биде дополнет со уште една точка и тоа: Донесување на одлука за назначување вршител на должноста Основен јавен обвинител на ОЈО Штип до избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Штип, за време не подолго од шест месеци. Вака предложениот дополнет дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 76 (седумдесет и шестата) седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ги запозна членовите на Советот, со пристигната жалба СОЖ бр.2/23. Воедно предложи Советот да формира Комисија која ќе го разгледа предметот и ќе ги запознае членовите на Советот со содржината на истиот. Воедно за членови на Комисијата ги предложи г-дин Влатко Георгиевски, - Претседател, г-ѓа Фиданка Рајевска – член и г-дин Иџет Мемети – член.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка три од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски предложи Советот да донесе одлука за за назначување вршител на должноста Основен јавен обвинител на ОЈО Штип до избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Штип, за време не подолго од шест месеци, од причина што на веќе поставениот јавен обвинител Татјана Кацарова за ВД ОЈО на ОЈО Штип, на 05.04.2023 година и завршува мандатот. Предложи истата да ја извршува функцијата  ВД ОЈО на ОЈО Штип, до избор на ОЈО на ОЈО Штип.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ, донесе одлука за назначување на вршител на должноста Основен јавен обвинител на ОЈО Штип до избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Штип, за време не подолго од шест месеци,  и за вршител на должноста Основен јавен обвинител на ОЈО Штип до избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Штип, го назначи јавниот обвинител Татјана Кацарова.**

Под точка разно од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ги извести членовите на Советот дека од страна на АСЈО до Советот е доставено Барање за доставување на листа на ментори во АСЈО. Од страна на Советот беше одлучено до АСЈО да се достави список на јавни обвинители кои исполнуваат услови за ментори, а тоа е да имаат осум години стаж како јавни обвинители.

Под истата точка од дневниот ред Прертседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ги запозна членовите на Советот со содржината на извадокот од 138-та седница на Владата на РСМ, во врска со АКМИС системот, во кое Министерството за правда со Министерството за информатичко општество се задолжуваат за обезбедат техничка подршка во поглед на обезбедување на софтвери.

Под точката разно Претседателот на Советот ги извести членовите на Советот дека Уставниот суд донел одлука која е објавен на 23.03.2023 година во Службен весник на РСМ, а се однесува на додатоци на плата на избрани и именувани лица.

Под точката разно, претседателот на Советот ги извести членовите на Советот дека има потреба да формираме Комисии за спроведување на интерјуа и воедно предложи во едната Комисија да бидат г-ѓа Фиданка Рајевска, г-дин Влатко Георгиевски и г-дин Арбер Исаку, а во другата Комисија да бидат г-ѓа Јасна Жежова, г-дин Иџет Мемети и г-ѓа Душица Димитриевска.

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ги запозна членовите на Советот со содржината на поднесокот достевен до Советот од страна на јавниот обвинител на ОЈО Кавадарци, а се однесуува на судијата Лазар Нанев, кој се заканувал на јавните обвинители во ОЈО Кавадарци.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи седумдесет и седмата седница на Советот.

Записникот го водел:
Аспарух Мисајловски
Генерален секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Антонио Јолевски**